Кога дојдовме во Македонија - СВ. АПОСТОЛ ПАВЛЕ

*Од Второто послание до Коринтјаните - Од Првото послание до Солунјаните*

**За братољубие пак нема потреба да ви пишувам, оти вие самите сте научени од Бога да се сакате еден со друг, бидејќи така и постапувате со сите браќа по цела Македонија.**



Оти, како што се умножуваат Христовите страдања во нас, така се умножува за утеха наша преку Христа.

Ако сме во мака, за ваша утеха е и спасение, и кое е можно само така, кога ги претрпувате истите страдања, што ги трпиме и ние; а и надежта наша за взј е тврда. Се утешуваме ли, се утешуваме за ваша утеха и спасение, знаејќи дека како шго учествувате во нашите страдања, така ќе бидете учесници во утехата.

И во таа увереност се готвев да дојдам при вас порано, та повторно да примите благодат, и преку вас да заминам во Македонија, а од Македонија пак да дојдам при вас, та вие да ме придружувате до Јудеја.

Многу слободно зборувам кон вас, многу се фалам со вас; се исполнив со утеха, преазобилувам со радост покрај сите наши маки.

Оти кога дојдовме во Македонија, никаков мир немаше телото наше; во се` бевме во маки; однадвор  напади, одвнатре страв.

Браќа ве известуваме за благоста Божја, дадена на македонските цркви, дека при поднесувањето на многу маки нивната радост беше изобилна; и при својата голема сиромаштија покажаа големо, големо богатсво на својата добродушност, зашто според можностите нивни, јас сум сведок, а преку нив, тие даваа доброволно; не молеа необични многу, да го примиме нивниот дар и учеството во прислужувањето на светиите; и тоа не како што се надевавме, туку тие најнапред сами себе Му се предадоа на Господа, а потоа и на нас, по вољата Божја.

Во врска со помагањето на светиите сметам дека не треба да ви пишувам, зашто ја знам вашата ревност, за која се фалам со вас пред Македонците дека Ахаја приготвила помош уште од лани; и вашата ревност поттикна мнозина.

А браќата ги испратив, та да не би нашата пофалба за вас да излезе во овој случај напразно, туку како што зборував, бидете приготвени.

Па ако дојдат со мене Македонци и ве најдат неприготвени, да не би да останеме посрамени ние за да не велиме вие, откако ве пофалиме со таква увереност.

Погрешв ли што се унизував за да ве издигнам вас, бидејќи дарум ви го проповедам Евангелието Божјо!

Други цркви оштетив, добивајќи од нив издршка, та вам да ви служам, и додека бев при вас, иако бев во скудност, никому не дотегнав, оти немаштијата моја ја употполнија браќата што дојдоа од Македонија. Па и во се` друго се пазев и ќе се пазам, да не ви бидам товар.

Како што е вистината Христова во мене, така и оваа пофалба нема да се одземе од мене во краиштата ахајски.

(Од второто послание до Коринтјаните)

Знаеме, возљубени браќа, за вашиот избор од Бога, зашто нашето Благовестие кон вас беше не само со словото, туку и со сила и со Светиот дух, и со големата увереност: сами знаете какви бевме за вас помеѓу вас.

И вие се згледавте на нас и на Господа, кога во големите маки со радост го примивте словото од Светиот Дух, така што станавте образец за сите верници во Македонија и Ахаја.

**Оти од вас одекна словото Господово не само во Македонија и Ахаја, туку и во секое место, се пронесе верата ваша во Бога, така што нема потреба ние нешто да зборуваме.**

**За братољубие пак нема потреба да ви пишувам, оти вие самите сте научени од Бога да се сакате еден со друг, бидејќи така и постапувате со сите браќа по цела Македонија.** И ве молиме, браќа, уште повеќе да преуспевате, и усрдно да се грижите да живеете тихо, да си ја гледате работата и да работите со сопствените свои раце како шти ви заповедаме, да се држите чесно спрема надворешните и да немате потреба од никого.